Universiteti i EJL ne Tetovë -Republika e Maqedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Nr.-Бр.-No. 03-1548/1
20.06.2017 viti-год.-year
Tetovë - Тетово - Tetovo

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 19-443/16
05.06.2017 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 3. седница одржана на 29.05.2017 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма „Бизнис администрација" трет циклус студии на Факултет за бизнис и економија, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово**

1. Се акредитира студиска програма **„Бизнис администрација" трет циклус студии на Факултет за бизнис и економија, Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Доктор на економски науки, насока Бизнис администрација,** Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки, научно - истражувачко поле: Економски науки, Организациони науки и управување (менаџмент), научно - истражувачка област: 50300 - 50329, 50600, 50623, 50624.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на донесената одлука на Наставно научен совет на Факултет за бизнис и економија, трет циклус студиска програма „Бизнис администрација", на 01.12.2016 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница, формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на стручната комисија, на својата 3. седница одржана на 29.05.2017 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Горазд Росоклија